**20120822183**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 50 точки 1) и 4) од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11 и 135/11), министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ И СЛУЖБЕНИ ПАСОШИ И ВИЗИ И ЗА ЛИСТАТА НА НОСИТЕЛИ НА ДИПЛОМАТСКИ И СЛУЖБЕНИ ПАСОШИ

Член 1

Во Правлникот за постапката за издавање на дипломатски и службени пасоши и визи и за листата на носители на дипломатски и службени пасоши („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/07), во член 6 ставот 1 се менува и гласи: “Барањето за издавање на дипломатски и службени пасоши и визи, со комплетна документација за носител на јавна функција, државен службеник или работник во државен орган се доставува до Министерството за надворешни работи најдоцна седум дена пред реализација на службеното патување во странство, односно пред истекот на рокот на важност на дипломатската или службената виза”.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи: “Барањето за издавање на дипломатски и службени пасоши и визи се потпишува од страна на функционерот кој раководи со државниот орган, неговиот заменик или од негова страна овластено раководно лице”.

Член 2

Во член 7, во ставот 1, во воведната реченица и алинејата 1 по зборовите: „дипломатски или службен пасош“ се додаваат зборовите: „или виза“.

Во ставот 2, во воведната реченица по зборовите: „на овој член“ се додаваат зборовите: „за издавање на дипломатски или службен пасош“.

Во алинејата 3 зборовите: „и фотокопија од истите“ се бришат.

Алинејата 5 се брише.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: „Кон барањето од став 1 на овој член за издавање на дипломатска или службена виза се приложува следната документација:

- акт за избор или именување на функција, односно решение за работно место на лицето за кое се бара издавање дипломатска или службена виза;
- пополнет образец-барање, потпишано од лицето за кое се бара издавање дипломатска или службена виза;
- уверение за државјанство, пасош или лична карта на увид;
- покана од органот или институцијата од земјата домаќин или решение за службен пат“.

Член 3

Во членот 8 зборовите: „Секторот за конзуларни работи и меѓународно право“ се заменуваат со зборовите: „Директорат за конзуларни работи.“

Член 4

Во член 10 ставот 1 се брише.

Ставот 2 станува став 1.

Член 5

Во член 12 во ставот 2 по зборовите: „за негово издавање“ се додава зборот „веднаш“.

Ставот 3 се брише.

Ставот 4 кој станува став 3 се менува и гласи: „Надлежниот државен орган кој барал издавање на дипломатски или службен пасош, најдоцна осум дена од денот на престанокот на основата, го доставува пасошот до Министерството за надворешни работи заради поништување“.

Член 6

Во член 17 во ставот 1, по алинејата 15 се додава нова алинеја 16 која гласи:

„- Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија“.

Во ставот 2 по алинејата 1 се додаваат нови три алинеи 2, 3 и 4 кои гласат:

“- Директор на Управа за јавни приходи;

- Директор на Царинска управа;

- Главен државен ревизор“.

По ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7 кои гласат:

„Дипломатски пасош може да се издаде и на членовите на потесното семејство или на вонбрачната заедница на лицата кои се упатени на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, кога истите живеат со нив во заедничко домаќинство во странство во време на дипломатската мисија.

Дипломатски пасош може да се издаде и на лица на кои со решение на Владата на Република Македонија им се доделува титулата Амбасадор на културата на Република Македонија.“

Ставот 6 станува став 8.

По ставот 8 се додава нов став 9 кој гласи: „Со одобрение на министерот за надворешни работи може да се издаде дипломатски пасош на лице кое со оглед на каракатерот и улогата на неговата дејност е значајно за унапредување на дипломатските, политичките, економските и културните односи на Република Македонија и за претставувањето на државата во странство, како и на лице ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија“.

Член 7

Во член 18 во ставот 1, по алинејата 2 се додава нова алинеја која гласи:

“- Овластени службени лица од државните органи за безбедност и одбрана на Република Македонија“.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 92-2347/1
18 јуни 2012 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Министер | Министер |
| за надворешни работи, | за внатрешни работи, |
| **Никола Попоски,** с.р. | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |